ООУ „СВ  КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА

# СВЕТЛИНИ



Бр.32

8 ми ДЕКЕМВРИ 2020

# СОДРЖИНА

Наградени ученици на општински, регионални, републички и меѓународни натпревари од ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола ........ 3
Една поинаква училишна година ........ 4
Го славиме името твое, Патрону наш ........ 5
Наградени литературни и ликовни творби по повод конкурсот ........ 6
Љубители на пишаниот збор ........ 8
Признание за успешната работа на нашето училиште ........ 10
Пиезоелектричен генератор – патека на иднината ........ 11
IV-5 Рекордер во собрани отпадни батерии ........ 12
Активности и награди- италијански и француски јазик ........ 13
Ликовен приказ на континуитетот на македонскиот јазик и македонската литература ........ 14
Одбележан 5 Мај – Денот на македонската азбука и македонскиот јазик ........ 15
Тематска ликовна изложба на нашите млади уметници ........ 16
Младите уметници пред нов предизвик ........ 17
Новогодишна приказна ........ 18
Училницата во природа, место за дружење и развивање еколошка свест ........ 19
Со „Вертикална градина“ ќе се прочистува воздухот во училниците ........ 20
Учениците од прво одделение знаат како да се заштитат од коронавирусот ........ 21
Онлајн настава за дел од учениците во прво одделение ........ 22
Што е следно ........ 23
Првачиња во Зоолошка градина ........ 24
Поинаков свет- свет на илузии ........ 25
Четвртоодделенците во посета на Општина - Битола ........ 26
Родител-наставник ........ 26
Здрава храна - здрав живот! ........ 27
Нашиот Детски парламент ........ 28
Совети за што поуспешно учење во услови на настава на далечина ........ 29
Чекаме да се врати детската радост во спортската сала! ........ 31
Климентовци повторно најуспешни во општина Битола ........ 31
Младите уметници со цртежи пред новите предизвици ........ 33

**Редакција**

Ученици - членови на училишните секции;

Одговорните наставници: Оливера Илиевска, Соња Бандевска, Соња Петровска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска, Билјана Печипајковска, Даниела Петковска, Јасна Јанева Гулевски;

Атанас Пеев и Дарко Аврамоски одговорни за компјутерската обработка;

Ученици - членови на информатичката секција: Вања Арсиќ, Стеван Гилевски, Марио Бебекоски, Марија Бошева, Симона Граматковска, Матеја Ѓаковска, Тамара Митревска, Мелани Пурдевска, Бобан Вељановски, Марко Димовски Антонио Бошев;

# Наградени ученици на општински, регионални, републички и меѓународни натпревари од ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Натпревари по математика:**
**Државен натпревар по математика:**
Матеа Пеева IX-2 *(II награда)* Сара Наумовска VI-2 *(III награда)*, Искра Нечаковска VII-3 *(пофалница)*
**Регионален натпревар по математика:**
Антонија Гајтановска IV , Васил Јолевски VI , Сара Наумовска VI, Лина Шеровска VII Ангел Андреевски VII, Искра Нечаковска VII, Антонио Илоски VII, Матеа Пеева IX-2 *(I награда),* Мартина Силјановска IX-3, Ана Марија Нечова IX-3 *(II награда),*Софија Кутлешовска VI-5, Марија Котеска VI *(III награда),* Виктор Јосифовски VI, Марко Ангеловски VI (пофалница).
**Општински натпревари математика:**
Васил Јолевски VI, Сара Наумовска VI, Софија Кутлешовска VI, Марија Котеска VI, Алек Сиваков VI, Лина Шеровска VII, Искра Нечаковска VII, Борис Граматковски VIII, Ања Стефановска VIII, Елени Попоска VIII,Ева Димовска VIII, Дарко Каревски VIII, Матеа Пеева IX, Ана Марија Нечова IX *(I награда)* Марко Ангеловски VI, Михаел Дурловски VIII, Марко Димовски VIII, Александар Китановски VIII *(II награда),*Антонија Гајтановска IV,Ања Грамосли IV, Ана Марија Ристеска IV, Нина Тасевска V, Георгина Стојковиќ V, Филип Илиевски IX, Мартина Силјановска IX *(III награда),* Виктор Јосифовски VI, Ангел Андреевски VII, Антонио Илоски VII *(пофалница).*
**Натпревар по македонски јазик:**
Бојана Мајсторовска VII - Конкурс „Болката на незаборавот", *пофалница* за песната „Копнежот по зборот"
**Државен рецитаторски натпревар:**
Веда Мавровска VII- *(III награда)*
**Натпревар по природни науки:**
**Општински натпревари:**
Васил Јолевски VI *(I награда),* Елена Тунтевска VI, Илијана Најдовска VI, Мила Гугучевска VI, Изабела Митревска, Филип Томески VI *(II награда),* Сара Наумовска VI *(III награда),* Елена Силјановска VI, Бојана Ѓаковска VI, Бисера Петкова VI *(пофалница)*
**Регионални натпревари (онлајн):**
Илијана Најдовска VI *(I награда),*Елена Тунтевска VI *(II награда),* Изабела Митревска VI *(III награда),* Елена СилјановскаVI *(пофалница)*
**Државни натпревари (онлајн):**
Елена Тунтевска VI, Илијана Најдовска VI *(II награда),* Изабела Митревска VI *(учество)*
**Општински натпревари за (V одд)**
Дарко Лековски V *(I награда),* Иван Митровски V, Антониа Стојковски V, *Михаил Илиевски V, Димитар Златевски V, Симона Мајсторовска V (II награда), Ева Неделковска V, Стефан Стефановски V (пофалница)*
**Регионални натпревари (V одд)**
Дарко Лековски V *(II награда),* Михаил Илилевски V *(учество)*
**Државни натпревари (V одд.)**
Дарко Лековски V *(II награда)*
**Натпревар по биологија**
**Општински натпревари:**
Искра Нечаковска VII *(I награда),* Дарко Каревски VIII *(II награда),*Бојана Мајсторовска VII, Елени Попоска VIII, Михаил Дурловски VIII, Јана Срабкоска IX , Ана Марија Нечова IX *(III награда),* Јована Ѓоргиевска VII, Лука Велковски VII, Благоја Трајчески VII, Деспина Јаковлевска VII, Ѓорѓи Гајтановски VIII, Давор Савески IX, Мартина Силјановска IX, Ангела Брбевска IX, Теофанија Костантиновска IX, Данило Талевски IX, Ангела Шапарданова IX *(пофалница),* Драгана Талеска VII, Ива Нечова VII, Ангел Андреевски VII, Викторија Трајковска VII, Јована Чукалевски VIII, Марко Димовски VIII, Теодора Јовчевска IX *(учество).*
**Регионални натпревари:**
Искра Нечаковска VII, Бојана Мајсторовска VII *(II награда),* Јована Ѓоргиевска VII, Лука Велковски VII, Благоја Трајчески VII, Деспина Јаковлевска VII *(пофалница)*
**Државни натпревари:**
Искра Нечаковска VII *(I награда),* Бојана Мајсторовска VII *(II награда)*
**Натпревар по физика:**
**Општинскиот натпревар:**
Дарко Каревски VIII, Ања Стефановска VIII *(I награда),* Михаел Дурловски VIII *(II награда)*
**Натпревар по хемија:**
**Општинскиот натпревар: од максимум 50 поена**
Ева Димовска VIII, Марија Нечова IX, Ана Мартина Силјановска IX *(50 поена),* Ивана Богоевска IX, Дарко Каревски VIII *(44 поена),* Елени Попоска VIII, Виктор Колеќески VIII, Михаел Дурловски VIII, Филип Стефановски IX *(42 поена),* Александар Китаноски VIII, Ања Стефановска VIII, Нина Алабаковска IX, Теодора Јовчевска IX *(40 поена).*
**Физичко и Здравствено Образование**
**Екипни награди:**
**Есенски крос**
2019-екипно *2 место,* 2020-екипно *1 место*
Голем број на освоени поединечни награди
**Ноќна трка 4 ти Ноември:**
2019-екипно *1 место*
Голем број на освоени поединечни награди
**Кошарка-машка екипа** *1 место* на општинско и зонско првенство
**Кошарка-женска екипа** *2 место* на општинско и зонско првенство
**Ракомет-женска екипа** *2 место* на општинско првенство
**Одбојка-машка екипа** *3 место* на општинско првенство и *2 место* на зонско првенство
**Одбојка-женска екипа** *3 место* на општинско првенство

# Една поинаква училишна година

Почитувани наставници, родители, ученици! По триесет и први пат го славиме нашиот Патронат, но за првпат на поинаков начин. Пандемијата предизвикана од вирусот ни наметна нови правила на живеење, но истовремено уште повеќе нѐ обедини, нѐ зближи... Меѓу учениците и наставниците има поголема соработка, почит, меѓусебно помагање.

Оваа училишна година навистина е различна, Ковидот ни наметна нови правила. Но, не дозволувајте ништо да ве спречи да продолжите да ги следите своите соништа како што ние нема да дозволиме. Напротив, продолжуваме да редиме успеси, да реализираме активности, проекти, настани, без разлика дали наставата се одржува онлајн или со физичко присуство. Јас силно верувам дека заедно ќе ја направиме уште поуспешна! Образовниот процес тече соодветно на условите, а ние продолжуваме да го унапредуваме и да создаваме подобри услови за работа: отворивме медијатека за одделенска настава, реализиравме низа мобилности како дел од Еразмус проекти, осветлувањето во училниците целосно е заменето со лед - светилки, направивме уште едно пријатно катче во училишниот двор, нашата втора „Училница во природа“ за што добивме признание од SHE европската мрежа за здрави училишта, поставивме клупи во училишниот двор, но најважно е што обезбедивме услови сите ученици да можат да го следат образовниот процес – некои со физичко присуство, некои онлајн.

Пандемијата предизвика огромни промени во нашите животи. Образовниот процес за многу кусо време мораше да претрпи целосна трансформација.

Ова не е ситуација во која се наоѓаме затоа што сакаме, туку затоа што мораме и затоа треба достоинствено да се носиме со ситуациите коишто се пред нас.

Наставниците покажаа исклучителна општествена одговорност, посветеност и храброст да се соочат со реалноста и индивидуално и колективно да изнаоѓаат решенија.

Сите вие кои ја следите наставата во училиштата, сакам да ви порачам да ги почитувате мерките за лична заштита од вирусот, зашто штитејќи се себеси ги штитите вашите најблиски во училиштата, но уште поважно и надвор од нив.

Да се надеваме дека за брзо време повторно сите ќе се вратиме во училишните клупи, повторно во училиштето ќе се вратат детските насмевки, ќе се слуша детскиот џагор. Затоа ви посакувам добро здравје, многу љубов, почит и разбирање.

Честит да ни биде Денот на училиштето, да славиме уште многу патронати, но во нашата природна средина – училницата, зашто наставникот го личи меѓу своите ученици во училишните клупи.



# Го славиме името твое, Патрону наш

И по толку многу години, векови,повторно и повторно, секоја година, секој ден, барам зборови со кои ќе го опишам твоето дело. Ќе те наречам наша СВЕТЛИНА на патот што ни го осветли. Овој народ ти се заблагодарува за сѐ што си направил несебично, за нашата писменост која е најскапоцениот дар што ни го подари. Од твоите мисли најдоброто го издвои и со љубов го остави зад себе, за твоите верни македонски слуги да продолжат знаење да шират.

Како спасител, учител, духовник, книжевник, педагог длабоко си почитуван и сакан. Прв, најголем писател кој започнал да ги воведува пофалните и поучни слова во словенската литература. Со напорна работа, твојата моќ, вербата и цврстината резултираат со големо исконско дело. Учеше од своите учители како што ние денес тоа го правиме учејќи од твоите дела и затоа храброста твоја ја славиме. Ќе те наречам најголем УЧИТЕЛ, успеа да се избориш во макотрпната борба и на делата Кирилометодиевски бесмртност да им дадеш внесувајќи го нивниот и свој дух во Охридската книжевна школа-Првиот словенски универзитет,од кој подготвени излегоа 3.500 ученика.




Посебно место и заслуга имаш за твојата книжевна дејност која е вечна историја, а твоите книжевни дела-свети книги со најголема вредност. Со твојата упростена кирилица , со 44 букви напишана на парче пергамент, со мастило и перо, ја постигна својата големина, стави печат во нашата историја, го пронајде изворот на писменоста. Денес сè уште црпиме од тој извор непресушен, писменост сееме, со гордост името твое го споменуваме, па за наш Патрон те славиме. И многу имиња се споменати, многу години изминати, низа од векови, настани, генерации, храбри јунаци со големи дела, но покрај твоето-безначајни. И уште илјадници како бисери ќе се изронат, во историјата на овој народ ќе се пишуваат, уште многу училишта името твое ќе го носат, уште многу ученици гордо ќе кажуваат за едно свето дело и за моќта на твоето слово. Во дамарите на Охрид, во брзаците на водите шумоли и плиска, името твое, Клименте!

Светлозрачниот спомен на твоето име и дело го памети секоја генерација и со гордост го пренесува на следната. Мирот нека го успокои твоето благонаклонето лице, а далекусежните очи нека го милуваат и благословат секој нов ден со знаење, радост и милост. А ние ќе чекориме гордо по твојот пат.

Ана Дамчевска IX-2

## Наградени литературни и ликовни творби по повод конкурсот

***Љубовта победува***
Пред мене благо сонце се крева
со утринска верба тагата ќе згасне
надежта нежно во срце се слева
љубовта победува, низ трепетот расне.

Пред мене струи немирот како река
посакувам стравот во очи да зајде
чекор да пуштам низ тревата мека
другарството верно патот да го најде.

Пред  мене гората молчи, минатото го знае
разделбите ги победи, за доброто да трае
светот пак да биде силен и весел,
болеста да стивне, песна да се вивне.

Пред  мене вербата низ желбите расте
во  мислите ги чувам нашите дружби
прегратките се далечни, но срцата блиски
љубовта е посилна топлина штом пружи.

Ноќва е студена пред патронот светол
и ѕвездите сјајни тивко молат.
Верувам силно! Верувам цврсто!
Денот да почне со вистина нова!

Доброто се шири, солза в очи да смири
детската смеа да исполни клупи
звуците на ѕвоното радоста да ја водат
средбите в училиште повторно да се родат!
*Бојана Мајсторовска, VIII-3*
**Прва награда**



*Јана Танчевска VI-3*
**Прва награда**



*Мила Петровски II-5*
**Втора награда**

***Епидемијата на љубовта нè обединува сите***
Денес епидемијата во светот е многу страшна
затоа  здравјето да го зачуваме е важно.
Сите треба да се пазиме,
за да можеме вирусот да го прегазиме.

Таа е како змија што не каса,
како куче што не лае,
како славеј што не пее,
но, постојано околу нас бдее.

Со никој не можеме да се видиме,
со никој не можеме да се прегрнеме,
денес, не смееме заедно да бидеме.
Затоа, дајте сите да се обединиме,
за заеднички вирусот да го победиме.

Јас со секој би другарувал,
и слатки насмевки би подарувал.
Другарство секаде би сакал да сеам,
и за инает на епидемијата весели песни да пеам.
*Дарко Каревски IX -4*
**Трета награда**



*Мелани Пурдевска VI-3*
**Трета награда**

***Љубовта во пандемијата***
Сите несреќи и повреди
само љубовта може да ги победи.
Љубовта за секое животно и растение,
за секоја птица и човечко битие.

Да ја подигнеме нашата свест
и заедно да ја поразиме секоја болест,
да си помагаме, да се чуваме,
здравјето да си го негуваме.

Љубовта да ја живееме,
кон иднината да тежнееме,
со отворени срца
и со радост да царуваме,
секогаш само добрина да даруваме.

Да се обединиме со сакање,
со надеж, верба и прифаќање.
Пријателството е волшебен свет
кој ќе го разубави целиот свет.
*Марко Ристески, VII-1*
**Втора награда**



*Ива Лазаревска VI-2*
**Втора награда**



*Кристијан Дамјановски II-5*
**Втора награда**

***Вирусот си оди***
Каков е тој вирус
од други што се двои?!
Нѐ затвори дома, во прегратка топла
мудро нас нѐ спои.

Мијам раце често
носам маска јас,
внимавам на себе
кажувам на глас.

Ќе помине ова, ќе заврши сѐ
ќе се врати спокој во душите наши,
ќе остане слога, семејството збир
вирусот си оди, патува во мир.
*Антонија Гајтановска V-2*
**Трета награда**



*Кристина Марковска I-3*
**Прва награда**

***Вирусот на љубовта***

Имам само една желба,
меѓу нас да нема делба,
сите да сме радосни и среќни,
да нема болни и немоќни.

Од љубов да се инфицираме сите,
посреќни да ни бидат дните,
децата да се весели и радосни,
лицата да ни ги красат насмевки.

Да бидеме среќни, да бидеме радосни,
да уживаме заедно во детските палавости,
да се вратиме во училиштата некој ќе рече,
и животот нормално да продолжи да тече.

*Михаил Димитровски, VI-3*
**Втора награда**

## Љубители на пишаниот збор

Иако во поинакви услови, љубителите на пишаниот збор продолжуваат да пишуваат и преку убавината на зборот се обидуваат да придонесат за разведрување на мрачното секојдневие кое ни е наметнато со појавата на вирусот

***Епидемијата на љубовта нѐ обединува сите***
Раце, раце насекаде се шират
една љубов како епидемија
влегува во нашите срца.

Зад секоја река чиниш,
епидемијата на љубовта ѕирка,
а јас само седам и чекам.

Таа љубов нас нѐ сплоти,
а раце испреплетени од
страв и надеж,
надвиснале над нашите глави.
*Ана Јошевска, V-2*

***Вирусот на љубовта***
Кога вирусот на љубовта
би се ширел низ светот,
најсреќни би биле сите,
тој за сѐ би бил лекот.

Вирусот да направи зависта,
омразата, злото и клетите војни
да бидат заменети со грижа,
слога и добрини многубројни.

Пандемијата на љубовта
насекаде да царува,
насмевки и прегратки
секој секому да дарува.
*Ева Неделковска, VI-3*

***Сплотени***
Епидемијата е лошо време за сите,
но вплотени заедно ќе ги минеме дните.
Здравјето ни е на прво место,
а нормалниот живот ни е тема често.

Насмевки оддалеку има
и за другарство нема зима.
Дружења со радост сонуваме силно
и со љубов се дополнуваме милно.

Луѓето верба имаат
и многу витамини примаат.
За враќање во нормала ќе се бориме чесно
и така вирусот ќе го надминеме лесно.
*Елена Силјановска, VII-4*





***Другарството, алка која поврзува народи, места и континенти***

Другарството е широка бајка
на крв и радост спој,
празен е овој живот
без другарот мој.

Вистинскиот другар, единствен во среќа и болка,
сенаоѓа многу ретко како бисер во школка.
Најголемата помош и утеха е тој,
повеќе од брат во мир и во бој.

Во добро и во лошо, во радост и во мака,
другарот е тука да подаде рака.
Со другарот се дружиме и работиме вредно,
секому за пример служиме, другарството е едно.

Да го шириме другарството насекаде,
без разлика на боја, националност и вера,
исти сме сите, делиме исто небо,
иста планета во оваа наша ера.
*Ѓорѓи Гајтановски IX-1*

***Го славиме името твое, патрону наш***

За тебе и името твое учителу,
има многу што да се каже.
Славењето на Патронот твој,
за нас е секогаш важен.

Ќе работиме, ќе твориме вредно,
низ зборови и песни,
да го прикажеме твоето дело.
Само така можеме да ти се заблагодариме,
и само така можеме да те наградиме.

Оваа песна е за тебе,
Свети Клименте, учителу драг,
писменоста што ја рашири света,
до секој дом, до секој праг.
*Гугучевски Милош IX-1*

***Епидемијата на љубовта нѐ обединува сите***

Дружбата која ја имавме,
Тие насмеани лица,
Како слободна птица…

Исполнети срца,
Со радост и среќа,
Како добрина и милостина
во голема златна вреќа.

Љубовта која ја делевме,
Среќата која ја селевме,
Од еден во друг човек,
Да почувствува и тој…

Вирусот недобредојден,
Сѐ уште не е појден,
Ако помошта ја шириме,
Вирусот ќе го надминеме.

Силни сме ние,
ќе надминеме сѐ,
ќе се вратиме во нашиот рај,
и ќе ставиме секогашен крај!

Од среќа и радост ќе бликаме,
„Пребродивме ние“- ќе викаме.
Среќата полека ќе се врати,
Љубовта секако нема да се скрати.

Ние сме многу,
Нашата сила е голема,
Како сончев зрак во темнина,
Како херој во историјата,
Тоа ќе бидеме ние.

Дружбата пак ќе се крене,
Ќе дојде и тоа време,
Златните наши зборови ќе ги вратиме,
Златните порти ќе ги отвориме.

Споделените реченици кои сме ги кажале,
Слатките лаги кои сме ги премолчиле,
Заедничките уметности што сме ги створиле,
Нека се чуе и нашиот глас,
Нека го скрши тој силен мраз,
Да не е помеѓу нас!
*Сара Наумовска* VII–2

# Признание за успешната работа на нашето училиште

Манифестацијата „Најуспешни битолчани“, неколкупати одложувана поради коронавирусот, денес беше одржана во Центарот за култура во организација на ,,Битолски весник”.

Со почитување на сите здравствени протоколи и во присуство на ограничен број гости, беа доделени наградите за најуспешни битолчани во 2019 г. Во категоријата за основно образование, наградата му припадна на нашето училиште. Оваа награда испиша уште една страница во нашата Успешна училишна приказна и претставува поттик и мотивација за уште поголеми успеси. Наградата е плод на тимската работа на сите вработени во нашето училиште и ја посветуваме на сите колеги кои во изминативе 30 години несебично се даваа себеси, создавајќи квалитет вграден во многуте генерации излезени од нашите училишни клупи.

Квалитетот секогаш и секаде се препознава, а ние продолжуваме да го создаваме. Како следбеници на Климентовите дела ќе продолжиме да го сееме семето на писменоста, благодарни за секоја насмевка и среќа во очите на нашите ученици.













# Пиезоелектричен генератор – патека на иднината

„**Пиезоелектричен генератор**“ е насловот на проектот со кој осмоодделенците Елени Попоска, Дарко Каревски и Виктор Колеќески, предводени од нивните наставници-ментори Дарко Аврамоски по Техничко образование и Бојана Димовска-Гоновска по Хемија го освоија **второто место** на јавниот повик „Предизвик за млади истражувачи 3“ што Фондот за иновации и технолошки развој го спроведува во соработка со МОН.

Пиезоелектричен генератор има цел - изработка на соодветна патека - прототип која би имала изглед на обична патека по која со одење врз неа ќе се генерира електрична енергија. Со ова би се зголемила мотивираноста на учениците на лесен и забавен начин да продуцираат електрична енергија кога се движат низ училишните ходници. Патеката по која учениците ќе се движат, од нивната кинетичка енергија ќе генерира електрична енергија.

Основната цел на овој предлог-проект е да се заинтересираат учениците за практичната применливост и поврзаност на наставните содржини, посебно од природната група на предмети и Техничко образование, во конкретни ситуации од секојдневниот живот. Со постигнување на основната цел, учениците се поттикнати слободно да размислуваат и да пронаоѓаат креативни решенија за поставените прашања и проблеми.

Воедно со секојдневна употреба на изработениот прототип, учениците би се стекнале со добри навики кои подоцна би ги пренеле дома и пошироко, ќе научат што значи заштедата на енергија и колкаво е нејзиното стопанско значење, ќе се прилагодат за работа во група, ќе научат да го почитуваат туѓиот труд и сл.

Идејата за овој проект произлезе од учениците како потреба за заштеда на електричната енергија и искористување на кинетичката енергија која произлегува од учениците.







## IV-5 Рекордер во собрани отпадни батерии

Во соработка со ЕЛКОЛЕКТ во учебната 2019/2020 година, нашето училиште беше дел од акцијата Биди супер херој , па за таа цел се собираа отпадни батерии.

На ниво на држава, училиштето го зазеде второто место според собраните батерии, а IV-5 е рекордер со 69 кг отпадни батерии.

Од извештајот на ЕЛКОЛЕКТ:

1. ООУ „Јан Амос Коменски "- Општина Карпош - Скопје, со собрани вкупно 93 кг отпадни батерии - најдоброто одделение собра 24,5 кг отпадни батерии.
2. ООУ „Св. Климент Охридски" - Општина Битола со собрани вкупно 89 кг отпадни батерии, во кое училиште го имавме одделението IV 5 за 2019/2020 со најмногу рекордно собрани 69 кг.
3. ООУ„Гоце Делчев" - Општина Гостивар со вкупно собрани 53 кг отпадни батерии, и победничко одделение за ова училиште со собрани 9 кг отпадни батерии.





Зошто треба да се рециклираат отпадните батерии?

- намалување на количината на опасен отпад во околината;
- зачувување на природните ресурси;
- намалување на можните ризици врз животната средина.

Дали знаевте дека ...

- батериите содржат опасни супстанции, вклучувајќи киселини и тешки метали како олово и жива;
- батерии што завршуваат во околината, можат да нанесат штета на животната средина и да предизвикаат сериозни здравствени проблеми.

Се грижиме за нашата средина, се грижиме за е-отпадот.

## Активности и награди- италијански и француски јазик

Во февруари 2020 година, во рамките на Регионалниот натпревар по француски јазик за основци, ученичката Илона Шундовска од IX одделение освои пласман за учество на Државниот натпревар по француски јазик што требаше да се одржи во мај 2020, но беше одложен поради ситуацијата со коронавирусот.




Во рамките на XX недела на италијански јазик во светот, беа организирани неколку настани од страна на Здружението на професори по италијански јазик со поддршка од Амбасадата на Италија во Скопје. На државниот онлајн натпревар по италијански јазик за основци, под менторство на наставничката Маја Милевска - Кулевска, ученичката Илијана Најдовска од VII-5 одделение од нашето училиште го освои ВТОРОТО место.

"Rêver seul ne reste qu'un rêve, rêver ensemble devient la réalité".

"Siamo tanti, siamo forti, siamo rari".

Под мотото: ,,Ако сонуваш сам, тоа останува само сон, а ако сонуваме заедно, тоа ќе стане реалност“, учениците по италијански и француски јазик од VI до IX одделение од ООУ ,,Св.Климент Охридски“ од Битола, под менторство на наставничката Маја Милевска-Кулевска, се вклучија во Светската кампања за подигнување на јавната свест и одбележување на Денот на ретки болести. Пораката што сакаа да ја пренесат е дека сите деца имаат право на среќно детство. Притоа промовираа поддршка за 5% од ретките болести за кои има лек преку обојување на петте прсти од нивните раце.





# Ликовен приказ на континуитетот на македонскиот јазик и македонската литература

Училницата „Македонски 1“ доби ново руво со уметничката креација на ликовниот уметник, нашата наставничка Анкица Стефановска. По идејно решение на наставничката Маргарита Поповска, таа ја реализира оваа ликовна проекција –своевидна библиотека на чии рафтови се наоѓаат книгите на великаните на македонската литература и македонскиот јазик. Симболиката упатува на корените на македонскиот јазик и делата на св. Кирил и Методиј со првата словенска азбука – глаголицата; историскиот 19 век, со книгата на Крсте Петков Мисирков-основоположникот на македонскиот литературен јазик и првиот „Зборник на македонски народни умотворби “ од браќата Миладиновци. Неизбежен од овој период е и „Сердарот“ на венцоносецот Григор Прличев.



Од периодот меѓу двете светски војни се посочени книгите на Кочо Рацин „Бели Мугри“ и „Пеш по светот“ од Коле Неделковски, како и драмските автори: Ристо Крле, Васил Иљоски и Антон Панов. Тука е и Блаже Конески, „Македонската граматика“ и „Македонскиот правопис“.

Како континуитет во творештвото во македонската литература по втората половина на дваесетиот век се посочени делата на големите поети: Ацо Шопов, Славко Јаневски, Стојан Тарапуза. Современата литература е претставена со делата на поетесата, нашата наставничка Мирјана Стојановска со поемата „Бегалци од својот дом“ и „Утро во Франкфурт“.

Оваа извонредна ликовна креација е збогатена со низа симболи: свеќите лојаници на кои твореле нашите предци во минатото, знакот на победата (V), бршленот кој ја краси целата оваа стилска композиција во чии листови се запишани имињата на учениците кои ја помагаа реализацијата на ова наше ремек дело.

Во оваа училница растеа и ќе растат уште многу генерации на ученици. Тие во сликовит преглед ќе ја имаат историјата на македонскиот јазик и македонската литература, она што значи македонски идентитет и наша иднина.

## Одбележан  5 Мај – Денот на македонската азбука и македонскиот јазик

По повод 5 Мај-Денот на македонскиот јазик и азбука, наставниците од Стручниот актив за македонски јазик заедно со своите ученици, со голема љубов и посветеност, достојно ги посветија своите онлајн часови за афирмација и сочувување на македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Водени од мислата на нашиот великан, Конески, нашите ученици го прелистаа историскиот развој на македонскиот јазик; посветија стихови на мајчиниот македонски јазик; проговорија за македонската азбука, втемелена на кириличната азбука на Крсте Петков Мисирков; укажаа на официјалното и единственото писмо на македонски јазик со службен статус на територијата  на нашата татковина.

На овој посебен ден, нашите мисли си го најдоа патот до вистината:

„Јазикот е нашето најголемо културно и духовно наследство, а наша обврска е да го чуваме мајчиниот јазик“. Онлајн наставата се одржа во сите одделенија од шесто до деветто.

Развојот на денешната македонска азбука датира уште со појавата на глаголицата и потоа со замената на глаголицата со кирилица и со постепено развивање и усовршување на гласовно-графичкиот систем. Македонската азбука е официјално и единствено писмо на македонскиот јазик со службен статус на територијата на нашата држава. Современата македонска азбука се темели на кириличната азбука на Крсте Петков Мисирков, а некои ортографски знаци се преземени од азбуката на Вук Караџиќ, иако Крсте Петков Мисирков користел знаци за истите тие гласови.

Учениците со пораки и мудри мисли запишаа: „Јазикот е нашето најголемо културно и духовно наследство“, „Наша обврска е да го чуваме мајчиниот јазик“, „Јазикот е нашата татковина“-Блаже Конески .



# Тематска ликовна изложба на нашите млади уметници

„Ноќ. Ден. Наше секојдневие. Контраст. Светлина. И во најтемната ноќ токму таа нè буди, ја бранува нашата имагинација и нè повикува да создаваме и да се стремиме кон светлината”. Со овие зборови беше отворена ликовна изложба во нашето училиште.








Идејата за ваква тематска изложба беше на наставниците по предметот Ликовно образование, Стевче Тодоровски и Ленче Крстеска. Тие ги мотивираа учениците од ликовната секција да творат и создаваат дела по сопствена креација на тема: „Ноќ“. Учениците од VI до IX одделение со задоволство се подготвуваа за претстојната изложба околу еден месец. Цртежите беа изработени во најразлични техники, од молив, јаглен, па сè до пастели, темперни и водни бои. Интересот беше огромен, па тешко беше да се изберат најдобрите творби. Нашите ученици, преку својата храбра фантазија и цртачка вештина, со нивната имагинација и силно изразен контраст на светли и темни бои, ни ја доловија ноќта како содржина во нивните дела. Овие уметнички дела се направени од длабочината на душата, со слободна мисла, во кои се изразуваат личните доживувања и естетика на нашите млади автори. Преку создавањето на овие дела, учениците го истанчуваат својот вкус за естетика, експериментираат во техниките и се учат на креативно размислување.

Така на 13.2.2020 година, со поддршка на наставниците по Ликовно образование, Стевче Тодоровски и Ленче Крстеска и директорката на нашето училиште, Гордана Анастасова, изложбата беше отворена, во главниот хол на нашето училиште. Отворањето на изложбата беше пратено со музички изведби од страна на нашиот училиштен оркестар како и со рецитали од учениците од рецитаторската секција. На изложбата беа изложени околу 40 дела, истата беше масовно посетена и побуди голем интерес како кај учениците, така и кај наставниците. Нивниот интерес за создавање нови дела, проекти и заемни активности сигурно ќе донесе нови изложби, можеби не само во нашето училиште, туку и надвор од него. Овие дела сè уште го красат нашето училиште.

Вакви и слични тематски изложби учениците направиле повеќепати досега. Бидејќи позитивните коментари и воодушевувањето на посетителите беа огромни, тие се мотивирани и инспирирани и понатаму да осмислуваат и создаваат вакви и слични изложби.

Ленче Крстеска

# Младите уметници пред нов предизвик

Нашите млади таленти, љубители на ликовната уметност, желни за нови предизвици и создавање нови креативни дела, поттикнати од наставничката по Ликовно образование, Ленче Крстеска се впуштија во еден нов предизвик, со голема љубов заеднички како тим да изработат тридимензионална скулптура од отпадни материјали.

Тимот го сочинуваа нашите ученици Ангела Шапарданова, Ангел Мицевски и Тамара Панова ученици од IX-5 одделение заедно со наставничката -ментор Ленче Крстеска.

На покана од „Мети си со класнето“, а во организација на Божиновски часовници и накит од Битола, учениците се пријавија за учество на натпревар за најкреативна скулптура изработена од отпадоци. На изложбата учествуваа ученици од повеќе основни и средни училишта од Битола и околината. Интересот беше огромен, а целта за поттикнување на свеста кај најмладите за почиста околина беше остварена. Бидејќи стручната комисија не можеше да се одлучи за најдобра скулптура, одлучи да ги награди сите учесници со вредносен ваучер.










Изложбата се одржа во фоајето на Центарот за култура во Битола, каде можеа да се видат огромен број најразлични и многу интересни креации.

За оваа цел нашиот тим прво собра непотребни стари материјали и отпад од пластика, железо, гума, стари пенкала, капачиња, скршени играчки и сл. од своите домови и училниците. Заедно работеа околу една седмица за да стигнат до посакуваното дело, скулптура која ја нарекоа: Риба-виножито. Нашето мото и мотивација, како што рекоа самите ученици беше: Рибата е направена од самите работи што ќе ја уништат – од отпадот. Бидејќи светската употреба на пластика се зголеми за 20 пати во последните 50 години, рибите и морскиот свет се загрозени и ако се продолжи со ова темпо, би имало повеќе ѓубре отколку риби.

Организаторите, задоволни од огромниот интерес, бујната фантазија и креативноста на учениците, најавија нови вакви и слични натпревари.

Ленче Крстеска

# Новогодишна приказна

Доаѓањето на Новата година претставува радост за сите нас. Светилки во различни бои, вкусна храна, подароци, лампиони, картички со искрени желби ... Но најмногу и најискрено на сето ова се радуваат децата. Со восхит ги пеат новогодишните песнички, се трудат да бидат добри деца и се радуваат на помислата дека Дедо Мраз ќе им го донесе посакуваниот подарок. Со воодушевување ја примаат секоја новогодишна картичка, вредно изработуваат најразлични украси, а посебно се радуваат на новогодишни приредби и претстави.

Токму поради тоа во нашето училиште организиравме новогодишен настан кој се состоеше од театарска претстава за најмалите со наслов: „Новогодишна приказна“ и музички точки кои му дадоа дополнителна ведрина на настанот.

Настанот беше изведен во трпезариската сала на нашето училиште. Истиот беше организиран од наставничките Андриана Димитров и Сања Кузмановска, со ученици од IV, VI и VII одделение.

Во претставата беа прикажани деца од различен карактер, во две различни семејства. Едни сиромашни и скромни во барањата. Други богати, но трудољубиви и со силна верба дека Дедо Мраз ги наградува умните деца и едно непослушно и некултурно момче без верба во Дедо Мраз.

Дедо Мраз пак, со своите џуџиња напорно работат на производство и доставување на подароци до сите умни дечиња. За жал нивната работа е многу напорна поради тоа што желбите на децата сè повеќе се однесуваат на компјутерска технологија, телефони и таблети. Но и покрај напорната работа Дедо Мраз секогаш успева добро да се организира и да ги награди највредните и најумни дечиња. Тоа секако не се однесуваше на непослушното момче, кое остана единствено без подарок. Тогаш тој согледа дека не е сеедно дали ќе се однесуваш убаво со другите или не. Ако сте добри и послушни си ја наградувате душата со убави чувства, ги наградувате сите околу себе со љубов и добрина, тие ви ја возвраќаат вам, а секако и Дедо Мраз ќе ве награди вас.



„Актерите“ кои учествуваа во претставата беа многу среќни додека вредно се подготвуваа за настанот. Повеќето од нив се идентификуваа со улогата која ја толкуваа, извлекоа поука од самата претстава и искрено ја претставија пред своите помали другарчиња.

Музичките точки пак беа голема радост за публиката. Заедно со учесниците, во еден глас пееја и нашите најмали и најмили, учениците од I и II одделение. Тие уживаа во секој момент, а среќата и љубовта се гледаше во нивните искрени детски очиња, во искрената насмевка на изведувачите, песничките кои ги изведуваа заеднички и богатиот аплауз.

На крај за голема среќа на сите, Дедо Мраз им подели бонбони на сите дечиња, а сите дечиња ги напишаа своите желби на лампионите и со истите ја украсија новогодишната елка.

## Училницата во природа, место за дружење и развивање еколошка свест

Новата училница во природа е уште едно пријатно катче за нашите ученици каде дел од часовите ќе можат да ги реализираат во природа во нашиот училиштен двор, место каде што ќе се чувствуваат убаво и мотивирано. Секако ова ќе придонесе да се развива и еколошката свест за чиста околина преку грижата за одржување на оваа училница во природа.

Училницата во природа е направена со средства од проектот кои се добија на повик од Совет на волонтери при општина Битола и МКЦ- Битола како и со помош на „Битолско поле“. Во акцијата учествуваа голем број ученици од VIII и IX одделение кои беа мотивирани да создаваат нови производи со рециклирање на материјалите и да дадат свој придонес во подобрување на условите во училиштето. Учениците работеа под менторство на наставниците и со голема помош од хаусмајсторите во училиштето.

Бевме едно од двете училишта во РС Македонија што доби признание за нашата екоучилница и од SHE европската мрежа за здрави училишта, за училиштата коишто промовираат здравје и се активни во Мрежата.

КОВИД 19 вирусот влијаеше да се сменат и многу други навики на кои можеби и не сме размислувале досега, нов начин на однесување, без поздрави, од далечина, заштитни маски и ракавици...

Научените лекции во нашата училница во природа долготрајно ќе останат врежани во меморијата на учениците, бидејќи учат преку своето лично искуство. Ќе ја развијат одговорноста и самодисциплината и наместо групирање и седење по кафулиња, ќе имаат можност да седат, учат и да се дружат во ново и поинакво катче.

Пред сè ќе научат дека во животот секогаш мора да се има цел и стратегија за нешто кога се работи и алтернативи во случај ако се појават проблеми.









## Со „Вертикална градина“ ќе се прочистува воздухот во училниците

Со поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој ООУ „Св. Климент Охридски“ од Битола го реализира проектот „Вертикална градина“ во училница.

„Целта на проектот е во секоја училница да има вертикална градина од цвеќиња кои што ќе ни служат како прочистувачи на воздухот. Ние сме училиште што се грижи за здравјето на учениците, а со тоа овозможуваме учениците да имаат побезбедна и посигурна средина за учење. Со овој проект уште повеќе им овозможуваме пријатен престој со чист воздух како на учениците, така и на наставниците кои работат во нашето училиште“ - изјави директорката Гордана Анастасова.

На проектот „Вертикална градина“ за прочистување на воздухот работеа деветтоодделенците од училиштето под менторство на наставникот Дарко Аврамовски.

„Ова претставува нешто големо за сите ученици бидејќи вистина е дека воздухот не е најдобар, а плус тоа има многу ученици во една просторија. Многу е лесно да се одржи градината, затоа што се користат материјали коишто лесно се рециклираат: пластични шишиња и работи што сите ги имаме дома, јаже или конец, а од растенијата многу лесно се наоѓа расад“- рече ученичката Теодора Јовчевска.

За градината треба да се грижат учениците кога ќе ја почнат наставата со физичко присуство  за што се формирани екотимови во секоја паралелка.

„Се одлучивме за ваков проект, затоа што целта на проектот беше да го прочистува воздухот, односно да има повеќе кислород во просторијата. Со тоа би се подобрила концентрацијата на учениците, би се намалило нивото на алергии. Голема благодарност до учениците и колегите коишто учествуваа и помогнаа за успешна реализација на проектот“ - изјави Дарко Аврамовски, наставник и ментор на проектот.

За реализација на проектот, училиштето доби грант во висина од 2 илјади евра од Фондот за иновации и технолошки развој. Имплементатор на проектот е ЦЕЕД Македонија, а поддржан е и од УНИЦЕФ.






## Учениците од прво одделение знаат како да се заштитат од коронавирусот

Нашите првачиња добро се запознаени со здравствените мерки поврзани со корона вирусот и истите целосно ги почитуваат. Нивните наставнички се погрижија преку соодветни ознаки, стрелки, симболи да им го олеснат движењето и престојот во училиштето.

Нашиот ученик Дарко Каревски од IX-4 одделение, разговараше со дел од првачињата околу тоа што мислат и што треба да прават како да се заштитат од вирусот себеси и останатите.

1. Што мислиш, дали треба да се носи маска и зошто?
   *Да, потребно е постојано да се носи маска, поради коронавирусот и затоа што нас нѐ заштитува од него.*
2. Зошто е потребно да се одржува дистанца?
   *Тоа е потребно за да не може лесно човекот да се зарази, бидејќи вирусот лесно се пренесува од човек на човек.*
3. Зошто е потребна постојана дезинфекција на рацете?
   *Дезинфекцијата е многу важна за да не заболеме од коронавирусот, бидејќи секојдневно допираме различни предмети. Со дезинфекцијата се постигнува и одржувањето на личната хигиена.*
4. Што мислиш ти за оваа пандемија?
   *Пандемијата е страшна и опасна, па затоа сите ние мора да ги почитуваме здравствените протоколи бидејќи вирусот лесно се пренесува.*
5. Дали со почитување на сите мерки и протоколи можеме заеднички да го победеме вирусот?
   *Да, особено со редовна дезинфекција. Но, носењето маска не нѐ заштитува толку многу, бидејќи потешко дишеме.*

Дарко Каревски IX-4













## Онлајн настава за дел од учениците во прво одделение



Нашето училиште, почитувајќи ги упатствата за работа дадени од МОН, на дел од учениците во прво одделение им овозможи следење настава од далечина, односно онлајн. Според сознанијата од наставниците, учениците и родителите наставата се одвива непречено, но учениците посакуваат што побрзо да се вратат во училишните клупи заедно со останатите другарчиња.

Искрено се надеваме дека тоа брзо ќе се случи!

# Што е следно

Како дел од многуте успешни приказни и иновирање на наставата и наставниот процес, нашето училиште постојано работи на локални, национални и меѓународни проекти. Еден од многубројните проекти кои се реализираат во нашето училиште, од програмата Еразмус +, беше и проектот „Што е следно“, чиј координатор беше Данска, додека пак партнери беа нашето училиште (РС Македонија), Германија, Норвешка и Полска. Проектот беше за професионалното и кариерното насочување на учениците и во своите мобилности предвидуваше вклучување на наставници и ученици.



Во проектот беа вклучени ученици од VIII одделение и тоа 6 ученици- Ѓорги Гајтановски, Ања Стефановска, Ева Димовска, Александар Китановски, Ема Дурдубаковска и Борис Граматковски, кои заедно со координаторот од нашето училиште Виолета Стевановска и Директорот Гордана Анастасова ги реализираа мобилностите во Данска и Германија. И во двете мобилности, учениците имаа можност да се запознаат со различните начини на професионална ориентација, посета на училишта и центри за едукација каде што имаа можност и практично да изведуваат најразлични работи како сменување на гуми на автомобил; изработка на дрвени предмети; правење на склопки за електрична енергија; монтирање на кабли; педикир; маникир; масажи; пробаа да бидат кувари на вкусни дански специјалитети и сл. Во текот на мобилностите исто така имаше голем број на посети на најразлични институции од кои би ја издвоите Ботаничката градина во Берлин, Центарот за Едукација во Алборг- Данска, посета на свињарска фарма во Данска, Посета на футуриумот во Берлин, Божиќните пазари, Берлинскиот ѕид и музејот на Берлинскиот ѕид, посета на Бундестагот во Берлин и посетата на тековната седница во парламентот каде пратениците водеа дискусија за законот за основно образование, неговата промена и дополнување за професионалното и кариерното насочување на учениците.

Огромна беше среќата, возбудата како и искуствата кои учениците ги понесоа со себе и го пренесоа на своите врсници.

Кон ова би се додала мобилноста од проектот, која во февруари се реализира во нашето училиште каде што во соработка со родител беше одржан, под раководство на наставничката Соња Кузманова, каде што на присутните им беше претставен еден од начините на кои ние го реализираме професионалното и кариерното насочување на учениците. Оваа активност беше дел и од реализацијата на Курикулумот кој во суштина беше иновацијата која произлезе од проектот. Курикулумот е веќе дел од годишната програма за работа на училиштето.




Виолета Стевановска

## Првачиња во Зоолошка градина

Активностите од социјалните активности поврзани со помош и поддршка во едукативниот процес и социјализација на децата од првите одделенија, започна со посета на Зоолошката градина во Битола.

Во оваа мала оаза, учениците беа во контакт со природата и со животинскиот свет наоколу. Учениците беа запознаени колку е штетно хранењето на животните и дека посетителите мора да знаат дека смоки, соленки, чипсови, пуканки, зелка, може да бидат кобни за животните. Децата научија многу работи, меѓу кои дека млекото на нилскиот коњ е розово и дека тој се плаши од сонцето; жирафата има најголемо срце; сите мачки спијат долго и до 16 саати... и уште многу други интересни работи.








# Поинаков свет- свет на илузии

Како дел од работата и планирањата на Стручниот актив на трето одделение за учебната 2019/2020 беа посетите на институции, музеи, галерии и сл. - дел од соработката со локалната средина. Во таа насока, во февруари оваа година, членовите на Активот заедно со своите ученици организираа посета на главниот град, посета на зоолошката градина и посета на Музејот на илузии- Илузиум во Скопје.



Пред почетокот на посетите, на учениците им беа презентирани местата кои ќе се посетат, а се дискутираше и за целта на посетата, особено за посетата на Музејот на илузии. Согласно со програмата која ја изучуваа по предметот Природни науки и делот со перцепциите и илузиите, им беше образложено што се илузии и како тие се создаваат, од каде потекнуваат и што придонесуваат со сетилото за вид кај човекот.

Музејот е многу интересен, се наоѓа во центарот на град Скопје и претставува светска музејска атракција, заради неговата распространетост на три спрата. Претставува еден од најголемите музеи во Европа. Во музејот има многу инсталации кои на учениците им понудија незаборавно визуелно и сензуално искуство во врска со перцепцијата која може да ја достигне човековото око. Во него учениците влегоа во еден поинаков свет, каде што доживеаја една поинаква и необична авантура која ја намами нивната љубопитност, фантазија, но и посебно внимание. Масата за глава, собата со огледала, Ames собата и уште многу други делови и слики се дел од музејот кои едноставно ги однесоа учениците на едно друго место од нивната секојдневна перцепција. Особено беше интересна масата за глава која допринесе учениците за момент да почувствуваат дека нивната глава е во чинија заедно со други овошки и зеленчуци, потоа големиот број слики од кои се добива впечаток дека се дел од оброк, или дека ги бркаат диви животни. Лифтот без дно и возот кој ги прегазува е уште еден во низата на илузии кои ги измами насмевките и задоволството на учениците. Дел од илузиите кои се наоѓаат на ѕидовите им беа познати, но различните простории со различни можности за влегување во друга димензија, го направи нивниот впечаток незаборавен.



Понесени од впечатоците и искуствата, по доаѓањето во училиштето тие ги пренесоа своите погледи пишувајќи текстови и цртајќи најразлични цртежи од нивните омилени места во музејот.

Ваквиот вид посети или учењето надвор од училница е еден од начините на искуствено учење и стекнување на трајни знаења како и подобрување на помнењето кај учениците. Љубопитноста предизвикана кај нив ги поттикнува самите да учат, да поставуваат прашања и да помнат сè она што го правеле или што се споделило со нив во текот на посетата. Тоа е еден од иновативните начини на преточување на теоријата во практика и формирање трајни знаења кај учениците.

Ова не е прва посета на музејот со наши ученици, но е прва со ученици од пониските одделенија. Кога се во прашање помалите ученици, доживувањата се поинтересни, насмевките подолготрајни, зачудените очиња повпечатливи, па во нивниот мал свет илузиите останаа долго по посетата да се раскажуваат.





## Четвртоодделенците во посета на Општина - Битола

Учениците од четврто одделение заедно со нивните наставнички ја посетија општината во Битола.

Целта на посетата беше учениците подобро да се запознаат со просториите во општината и обврските на вработените. Преку оваа посета учениците исто така имаа можност да ги дополнат веќе стекнатите знаења како и да се прошири соработката со локалните институции.

Учениците беа љубезно пречекани од страна на вработените кои се потрудија подетално да им објаснат што претставува зградата во која се наоѓаат, каква функција има, кои работни места ги има во истата; Им објаснуваа подетално за одредени професии, улогата, задачата на одредени работни места. Децата внимателно слушаа, покажаа интерес со поставување на прашања до вработените, а некои дури си водеа белешки во своите тетратки.

Разгледаа повеќе простории во зградата, но најголем впечаток им остави салата каде што се одржуваат седници и обележаните места на советниците и претседателот. Учениците беа задоволни од посетата, а по враќањето од истата во нашите училници се реализираа симулации на игри со улоги за избирање на претседател, советници, закажување седница и донесување одлуки и спроведување избори за избор на Градоначалник. Овие активности предизвикаа интерес кај учениците.



## Родител-наставник

Родителите се постојано вклучени во работата и активностите на нашето училиште. Како дел од соработката со нив е и вклученоста во воспитно-образовниот процес. Со започнувањето на учење од далечина, на платформата ZOOM, родителот Никола Рендевски се вклучи на часот по Работа со компјутер и основи на програмирањето и одржа предавање за Структура за избор - Работа во Скреч со IV-5 одделение. На децата им беше интересно и сите сработија кратки програми во Скреч.



## Здрава храна - здрав живот!

Нашето училиште е добитник на три зелени знамиња, а тоа е потврда дека сме стекнале статус на Екоучилиште. Според тоа, нормално е да се грижиме за здравјето и здравите навики на нашите ученици. Поврзувајќи ја Наставната програма со еколошките содржини за здрав живот, со учениците разговаравме на тема „Здрава храна и нејзиното значење за развојот на децата".

Со цел да се поттикне желбата за консумирање здрава храна, наставничките од второ одделение заедно со своите ученици, го посетија пазарот во центарот на градот. До пазарот учениците стигнаа со автобуси со оглед на тоа што нашето училиште е оддалечено од градскиот пазар. По патот беа доста возбудени затоа што некои од нив немале можност да го посетат овој пазар. Меѓу себе си разговараа и погодуваа како изгледа пазарот, што ќе видат таму и сл.








Кога стигнавме бевме љубезно пречекани од вработените во ЈП „Пазари"- Битола. Воедно, целта на посетата беше да се зајакне соработката со институциите од локалната заедница. Во соработка со соодветни лица од ЈП Пазари- Битола учениците ги разгледуваа производите на пазарот, поставуваа прашања, даваа одговори. Особено впечатливо им беше повикувањето и поканувањето од страна на продавачите да одат на нивните тезги и да купат нешто од нивните производи. Веднаш воочија дека во маркетите недостасува тоа весело довикување. Преку средбата, со продавачите на пазарот, учениците ги применуваа поимите продавач- купувач, размена на пари и производи, правеа разлика меѓу овошни и зеленчукови плодови, а научија и некои, за нив нови и дотогаш непознати плодови. Некои од учениците и претходно оделе на пазар и голем дел од атмосферата им беше позната. Оние кои прв пат беа на пазар беа воодушевени. Во текот на средбата учениците се сликаа со дел од пазарџиите и нивните производи, а пред да го напуштат пазарот секој ученик беше почестен со по еден овошен плод.

По враќањето во училниците се сумираа впечатоците и стекнатите знаења од пазарот преку различни активности интегрирани во наставните предмети.








## Нашиот Детски парламент

Ученици од нашето училиште, членови на Детскиот парламент, заедно со координаторот Бојана Димовска - Гоновска учествуваа на работилница „Детски парламент“. Работилницата беше организирана по повод патрониот празник на ООУ„ Даме Груев“ – Битола и истата се реализираше во зградата каде заседава Советот на општина Битола. Се состоеше од два дела:

1. Изработка на пано и дискусија за правата на детето,
2. Дебата за замена на класичните учебници со е-учебници.






## Психологот ве советува

### Совети за што поуспешно учење во услови на настава на далечина

Драги ученици,

Со оглед на променетата реалност во којашто се наоѓаме и во која секако дека треба да продолжите со вашето образование што го вклучува процесот на учење и совладување на наставниот материјал, сакав да ви помогнам со неколку совети што полесно и поуспешно да поминете низ наставата и учењето на наставниот материјал. Всушност, најголемата промена е воведувањето на онлајн наставата, каде меѓусебниот контакт со наставникот и соучениците се одвива преку компјутер, таблет или паметен телефон.

Секако дека новонастанатата ситуација ве збунува, бара да промените некои навики во учењето, а со тоа ве предизвикува да се запрашате: Дали сте доволно успешни во справување со новитетите и со совладувањето на наставниот материјал? Дилема е и самиот процесот на оценување, а секако многу од вас се загрижени дали ќе можат да го постигнат саканиот успех поради тоа што физичките контакти со наставниците се минимални.

Од тие причини ќе се обидам да ви помогнам и да ве насочам со некои совети што ќе ви користат како да се снајдете во новонастанатата ситуација и како е возможно поуспешно да ги совладувате препреките на кои што ќе наидете.

За да можете полесно да учите, посебно е важно:

- Да направите план за учење
- Да градите работни навики
- Да знаете како да го совладате материјалот што не ви е многу интересен
- И најважно - да сте мотивирани за учење, за постигнување успех и напредок

### Планот за учење

**Планот за учење** е всушност добар распоред на дневните активности и времето за настава, учење, одмор, спортување, дружење и забава. Планот на денот го прави секој за себе и треба да се придржувате на планираните термини, посебно за учењето што треба да биде секој ден во планираното време. Не прескокнувајте и не отстапувајте од планираните активности.



Планот за учење подразбира, исто така, планирање и на просторот за учење и следењето на наставата по електронски пат (онлајн). Тоа значи планирање на следното:

#### *Каде да учите?*

Најдобро би било да имате катче за учење, односно соодветно место што секогаш ќе претставува поттик за оваа активност. Просторијата треба да биде проветрена, осветлена и средена. Најдобро е учењето да биде со седење на столче, со исправен ´рбет, бидејќи така се чувствувате свежи и одморни. Сите предмети што ви го одвлекуваат вниманието, не треба да ви бидат достапни, посебно телефонот.

#### *Кога да учите?*

Најефикасно време за учење е претпладне од 8 до 11 часот и попладне од 16 до 19 часот. Вниманието и концентрацијата тогаш можат да се одржат најдолго,од 40 до 45 минути. ***Совет:*** Многу е важно часовите да ги користите за што повеќе да запомните од наставниот материјал што го предава наставникот. Така ќе заштедите повеќе слободно време за забава и спортување. Учењето нека биде секој ден во исто време, а ако, во меѓувреме почувствувате дека концентрацијата ви се намалува и мислите дека се пренесени на други активности, тогаш станете од столчето, раздвижете се, освежете се со некој напиток, погледнете во планот за тој ден и повторно вратете се на она што го учите.

Најважно е, додека сте пред компјутер да ги слушате наставниците, да бидете активни и наставата да ја следите со внимание и интерес. Водете белешки, запишувајте го најважното и прашувајте за она што не ви е јасно. Запишете го она што не сте го разбрале и потоа да ги прашате наставниците при следното вклучување. Новата лекција треба да ја учите истиот ден за да не го заборавите тоа што сте го научиле тој ден, а да го повторите материјалот научен од претходниот ден. Притоа, од голема помош е користењето на мнемотехниката за учење. Тоа е метода на учење каде тоа што не ви е јасно го запишувате на листови (најдобро е да бидат во разни бои) па ги ставате на места каде што често престојувате и погледнувате, што ќе ви помогне со малку напор и време да ги учите лекциите и новите непознати поими. Задолжително да ги пишувате домашните задачи, а тоа ќе ви биде од помош при повторување на наученото.

## Распоредот за учење

*Распоредот за учење* на лекциите од наставните предмети го правите така што започнувате со учење на потешкиот материјал, додека сте поодморени. При тоа избегнувајте едно по едно учење на два сродни предмети (на пример од општествените науки). Поврзувањето на претходното знаење, веќе наученото со новото е од голема помош за совладување на новите факти. Најнапред ја читате целата лекција за да може да сфатите за што се работи, потоа ја делите на целини и ги учите со правење белешки или подвлекување на непознатото или најбитното. Најдобро е кога прераскажувате, тоа да го правите со свои зборови за полесно да го запомните, бидејќи тоа е и најважниот дел од процесот на учење. На крајот, секој наставен предмет и секоја лекција ќе ви биде интересна и лесно ќе ја совладате.

## Работните навики

*Работните навики* се формираат и градат со помош на сопствената трудољубивост, со тоа што



на часовите сте активни, прашувате, одговарате на поставените прашања, правите белешки. Пред почетокот на часот треба да ја разгледате лекцијата што следува. Редовното подготвување на домашните задачи со помош на истражување, пребарување и барање на одговори, како и секојдневното учење на новиот материјал, се од голема помош за формирање на вашите работни навики.

Она што погоре го кажавме за градење работни навики е поврзано и со мотивацијата за учење и е многу важен фактор за што полесно совладување на новиот материјал и постигнување максимален успех по секој наставен предмет.

## Мотивацијата

Мотивацијата денес се дефинира како состојба за која сме поттикнати од нашите потреби, желби, интереси и мотиви да преземеме акција и да се насочиме кон решавање на некои сопствени цели, поставени пред нас. Мотивацијата за учење не е поврзана само со успехот во учењето, туку и со позитивниот став и однос кон училиштето, за постигнување на поголемо чувство на задоволство, како ваше така и на наставниците.

*За појаснување, мотивацијата е она што ве поттикнува да почнете, а работната навика е тоа што ви дава енергија да продолжите.*

Запомнете:

Учењето е ваша цел, ваша одговорност, учете за себе, учете за вашата иднина да биде посветла и поисполнета каде и да бидете, што и да работите кога ќе пораснете.

Вие сте истите, вашите соученици се истите, наставниците се истите, наставниот материјал е истиот, само начинот на реализирање привремено е изменет, па затоа бидете одговорни кон себе, кон своите цели и својата иднина.

**Кети Секуловска, психолог**

## Чекаме да се врати детската радост во спортската сала!

Учебната година почна како и секоја друга. Учениците со насмевка и радост ги остваруваат работните задачи на часовите по Физичко и здравствено образование. Како дел од училишните екипи, работат со „полна пареа“. Секоја пофалба за нив, за залагањето на часовите! Уште поголема за оние кои имаа можност на училишните првенства да настапуваат и да носат нови победи.

Календарската година почна со борбеност, пожртвуваност, полни трибини, победи, порази, безброј освоени награди. Резултатите на учениците кои добија можност да ги бранат боите на своето училиште беа вистинска радост. Бевме на добар пат да ја освоиме новата титула - општински училиштен првак, први во својот град.

И СТОП! Стоп за наставата, стоп за работа во спортската сала, стоп за спортот.

За жал, се најдовме во ситуација која никој не ја посакуваше. Салата ја заменивме со компјутерите, радоста во спортската сала - со работа пред компјутерот. Наставата по физичко образование каде најважно е да се биде активен, премина во несекојдневни услови. Пандемијата кај нас и во светот постави нови норми на однесување.

Но, Климентовци како и секогаш, се силни, Климентовци како и секогаш се прави спортисти. Со нив и онлајн спортувањето е вистинско задоволство .Секогаш подготвени се издигнуваат над ситуацијата. Во спортска опрема со препознатливата насмевка, подготвени се за секој час и вежбаат. Вежбаат на часовите, се залагаат, вежбаат и по часовите. Слушајќи ги советите на своите наставници, спортуваат во природа, возат велосипед, одат на прошетки, се навикнуваат на новите правила на спортување. Спортуваат, не запираат. Тоа се нашите ученици, прави спортисти!

Драги ученици, ви посакуваме добро здравје и трпеливост. Ваквата „пауза“ побрзо да заврши и детската радост што побрзо повторно да ја исполни нашата спортската сала.

*проф. Предраг Созовски*

## Климентовци повторно најуспешни во општина Битола

Помина уште една учебна година исполнета со голем број на индивидуални и екипни награди за спортистите од нашето училиште. Повторно беа освоени голем број на индивидуални и екипни награди на општинските, регионалните и државните училишни првенства кои нашето училиште го искачија на највисокото место, освојувајќи го првото место во битката за екипен победник во општина Битола во конкуренција на сите основни училишта. Кошаркарките ја освоија државната лига: ученикот Марко Димовски стана државен првак во гимнастика, Михаил Петковски го освои второто државно место во пливање, додека Милош Гугучевски третото место во тенис. Честитки до сите учесници, учениците, наставниците, родителите, управата на училиштето кои со заедничка соработка и залагање ги бранеа боите на своето училиште и дојдоа до овој голем успех .

1 во место на општинско првенство и
1 место на зонско првенство во кошарка машки



Состав: Лука Тодоровски, Андреј Стојановски, Борис Граматковски, Ѓорѓи Гајтановски, Дамјан Пејковски, Петра Блајбершник, Филип Илиевски, Стефан Ѓеорѓиевски, Лео Созовски, Петар Тасевски, Петар Петковски, Илија Христовски, Горазд Велески

2 место на општинско првенство и
2 место на зонско првенство во кошарка девојки



Состав: Христина Ристевска, Теодора Јовчевска, Марина Геровска, ,. Ања Стефановска, Ева Талевска, Гордана Димитровска, Теофанија Константинова Ана Дамчевска, Елени Попоска, Матеа Пеева, Михаела Ристевска, Бојана Мајсторовска, Леа Ѓеорѓиевска, Андреа Крстевска.

Наставници: Златко Трајчевски и Предраг Созовски

**3 место на општинското првенство и 2 место на зонското првенство во одбојка машки**



(Петар Велјановски IX$^{1}$, Стефан Димовски VIII$^{4}$, Никола Каревски IX$^{3}$, Андреј Ристевски IX$^{5}$, Дарко Стојановски IX$^{1}$, Леонид Лозановски VII$^{4}$, Марко Димовски VIII$^{5}$, Стефан Спировски VIII$^{4}$, Мартин Спировски VII4, Даниел Талевски VII$^{2}$) - наставник Горан Димовски

**3 место на општинското првенство во одбојка женски**



(Теодора Главеска IX$^{5}$, Андреа Илиевска IX$^{1}$, Клементина Неделковска IX$^{5}$, Мартина Силјановска IX$^{3}$, Фиона Ињазова IX$^{3}$, Јована Димитровска IX$^{3}$, Емилија Ристевска IX$^{5}$, Ива Нечова VII$^{4}$, Стефанија Велковска VII$^{4}$, Ана Василевска VII$^{3}$, Теодора Митревска VII$^{1}$ Теодора Дранговска VII$^{1}$) - наставник Горан Димовски




ПОБЕДНИЦИ НА НОЌНА ТРКА 4 НОЕМВРИ

**2 место на општинското првнство во ракомет женски**



(Клементина Неделковска IX$^{5}$, Јована Димитровска IX$^{3}$, Андреа Илиевска IX$^{1}$, Кристина Наумовска IX$^{5}$, Теодора Главеска IX$^{5}$, Ангела Наумовска VIII$^{3}$, Николина Шапарданова VII$^{5}$, Ева Апостоловска VII$^{3}$, Евгенија Митревска VII$^{3}$, Сара Спировска VI$^{1}$) - наставник Горан Димовски

**1 место екипно на општинското првенство во пинг-понг во машка и женска конкуренција**



**1 место екипно машки** (Марко Димовски VIII$^{5}$, Милош Гугучевски VIII$^{1}$, Андреј Ристевски IX$^{5}$, Стефан Димовски VIII$^{4}$ Лука Тодоровски VIII$^{2}$) **1 место екипно женски** (Емилија Ристевска IX$^{5}$, Кристина Наумовска IX$^{5}$, Теодора Главеска IXI$^{5}$). **Поединечно во машка конкуренција – 2 место** Марко Димовски VIII$^{5}$, **3 место** Стефан Димовски VIII$^{4}$. **Поединечно во женска конкуренција - 2 место** Емилија Ристевска IX$^{5}$ - наставник Горан Димовски

**1 место екипно на општинско првенство во шах во машка и женска конкуренција**



**1 место екипно машки** (Марко Димовски VIII$^{5}$, Димитар Вирловски VIII$^{5}$, Лука Тренчевски IX$^{5}$, Филип Ровчанин IX$^{2}$) **1 место екипно женски** (Ана Марија Нечова IX$^{3}$, Мартина Силјановска IX$^{3}$, Теодора Главеска IX$^{5}$ и Јована Димитровска IX$^{3}$). **Поединечно во машка конкуренција – 2 место** Марко Димовски VIII$^{5}$, **3 место** Лука Тренчевски IX$^{5}$. **Поединечно во женска конкуренција - 1 место** Ана Марија Нечова IX$^{3}$, **3 место** Теодора Главеска IX$^{5}$ - наставник Горан Димовски

# Младите уметници со цртежи пред новите предизвици

На најмалите ученици омилен предмет им е предметот Ликовно образование. Нивните цртежи се израз на креативноста, фантазијата и посакуваните желби.

Им посакуваме уште многу уметнички дела, иднината да им биде убава и светла како во цртежите, а некои од нив сигурно ќе прераснат во уметници од висок ранг!























